# СООПШТЕНИЕ

Врз основа на заклучокот донесен од страна на Советот на општина Богданци со бр.08-1094/2 од 08.08.2023 год. се известуваат сите жители и деловни субјекти на територијата на општина Богданци кои имаат штета на земјоделските култури предизвикани од пожарот на м.в Блатиште, Брданов камен, Оброк, Уплите и Мамино во периодот од 3,4 и 5 август 2023 година да ја достават следната документација:

1. Барање за проценка на штета;

2. Копија од лична карта;

3. Имотен лист или копија од имотен лист или договор за закуп доколку површините не се во нивна сопственост и

4.Решение од Единствениот регистар на земјоделски стопанства (ЕРЗС).

Барањето може да го подигнат од архивата на општина Богданци или од веб страната на општината.

Барањата да се достават до општина Богданци најдоцна до 01.09.2023 год. Некомплетните барања нема да се разгледуваат.

Комисија за проценка и
утврдување на висината на штети од
природни непогоди и други несреќи

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ГРАДОНАЧАЛНИК
ОПШТИНА БОГДАНЦИ